# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија

Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542

www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


До

[redacted]

Врска : Барање бр. [redacted] од 17.03.2022 година

Предмет: Доставување на информација од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.[redacted] од 17.03.2022 година, со кое барате да ви доставиме информација ве известуваме дека барањето е прифатено и Општина Кочани има донесе позитвно

**Решение**

Врз основа на вашето барање вво прилог ви ги доставуваме одговорите

1. Општина Кочани нема пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информации и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина. На веб страната на Општина Кочани се прикачени препораки до граѓаните ( субвенции за инвертер клими, печка на пелети, велосипеди, извештаи од испитувања и тестирања итн.) https://kocani.gov.mk/zivotna-sredina/
2. Општина Кочани изработува Програма за животна средина, како и извештај за реализација на програмата. Посебен извештај за состојбата на животната средина во општината не се изготвува.
3. Општина Кочани не ги исполнува условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.
4. Општина Кочани има вработено еден овластен инспектор за животна средина.
5. Во рамките на општина Кочани не е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина.
6. Општина Кочани има донесено локален економски акционен план за животна средина од (2004-2010).
7. Општина Кочани нема усвоено Локална агенда 21.
8. На територијата на општина Кочани постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата:
   - Дел од Осоговските планини (заштитен предел)
   - Дабот Благун во с. Бели (природна реткост)

9. Во општина Кочани е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање. Членови на партиципативното тело на Општина Кочании се: Марија Салтирова Јованова, Ружица Минова, Игор Поповски, Душан Донев, Андреј Симонов, Зоран Каров, Ангел Атанасов, Коста Параклиев, Александар Јанев, Моника Јанева, Марија Хаџи Паунова, Мартина Мишева и стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа. Во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години.
10. Во рамки на општина Кочани е формиран младински совет. Локалниот младински совет на Општина Кочани го сочинуваат: Иле Матеничарски, номиниран од Општинската организација на Црвен крст – Кочани; Јани Михајлов, номиниран од Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ОК Кочани; Тина Соколовска од Здружението „Еднакви за сите“; Иван Јанев номиниран од Локалниот клуб на СДММ – Кочани и Јаким Јакимов номиниран од Борачки клуб „Спартак“ – Кочани.
11. Општината има донесено стратегија во прилог е линк https://kocani.gov.mk/wp-content/uploads/2021/03/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-2019-2023.pdf
12. Општината учествува преку организација на јавни трибини, информирање преку социјалните медиуми
13. Општината располага со листа на активни граѓански организиии која во прилог ви ја доставуваме.

Бр. [redacted]
01.04.2022 година
Кочани

Лице за контакт
Јалчн Неципов **072/306-065**

Лице за посредување при остварување на право
на слободен пристап до информаци за Општина Кочани
Јалчн Неципов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *